Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ЗАТВОР ТЕТОВО - BURGU I TETOVËS
Бр./Nr. 04-44/1
26.01. 2026 год./viti
ТЕТОВО - TETOVË

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Управа за извршување на санкциите

КПУ-Затвор Тетово

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЗАТВОР-ТЕТОВО ЗА 2026

Јануари, 2026

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Управа за извршување на санкциите

КПУ-Затвор Тетово

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на Затвор-Тетово за 2026 година

**Затворот-Тетово** при утврдување на содржината на Програмата за работа во 2026 година тргна од делокругот на работа и задачите што произлегуваат од надлежноста на Затворот утврдена со Законот за организација и работа на органите на државната управата а особено со Законот за извршување на санкциите, Законот за вработените на јавен сектор, Законот за административни службеници и Законот за работни односи, други подзаконски акти и Упатства донесени од ресорното Министерство-Управа за извршување на санкциите, како и актите на Затворот.

Приоритетно Затвор Тетово во оваа Програма ќе се фокусира на:

- преглед на работите и задачите за тековната година,
- назив и содржина на работите и задачите,
- нејзин обем и рок на извршување,
- носители на работите и задачите како и
- облиците на соработка со други органи и организации во остварување на работите и задачите од Програмата за работа.

Соодветно место ќе биде издвоено за зајакнување на капацитетите во меѓу секторската соработка преку структурирани конференциски средби и обврските кои ќе произлезат од тоа.

Ќе се развиваат политики за унапредување и стручно оспособување на вработените во затворот.

Работите и задачите предвидени со оваа Програма ќе се извршуваат во основните организациони единици - Сектори на Затворот и Самостојни одделенија и тоа:

**1.Сектор за ресоцијализација,**

**2.Самостојно одделение за правни и општи работи,**

**3.Самостојно одделение за финансиски работи,**

**4. Затворска полиција,**

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

КПУ-Затвор Тетово

Во Секторот за ресоцијализација се обврзуваат:

1.1.Одделение за третман и прием и отпуст на осудени и притворени лица.

1.2.Одделение за стопанско -инструкторски работи

2.Самостојно одделение за правни и општи работи
3.Самостојно одделение за финансиски работи
4.Затворска полиција

## 1.Сектор за ресоцијализација

Во секторот за ресоцијализација се извршуваат надлежнистите кои се однесуваат на: ресоцијализацијата, враќање кон позитивните норми и работни навики на осудените лица, изготвување на програми, третмански насоки и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежностите согласно законите и другите прописи.

Процесот на ресоцијализација на осудени лица претставува основна функција на казнено-поправната установа.

Целта на извршувањето на казната затвор е оспособување на осудените лица да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот.

**1.1 Одделението за третман и прием и отпуст на осудени лица ќе ги врши следните работи и задачи:**

* приемот на осудените лица, врши проценка на ризикот и предлагаат класификација на осудените лица,

*изготвуваат програма за ресоцијализација на осудените лица и постапување со лицата според веќе донесените програми за третман.

*Примена на современите методи и мерки во работата со осудените лица ќе влијае врз нивното воспитување и превоспитување.

* Ќе организира индивидуални,групни и други облици на работа со осудени лица.

*Ќе се грижи за правилен однос на осудените кон работата и средината,чувство на лична одговорност за нивните постапки,односите во нивното семејство и извршување на обврските.

*Ќе организира културно-просветни и спортски активности.

*Доставување податоци во врска со поведението на осудените лица до надлежни органи во врска со помилување, условен отпуст, преместување или регресирање во друга установа и во др.случаи.

*Изготвување на месечни, квартални и годишни извештаи за осудени лица.

*Внесување на податоци во Интегрираниот систем за управување со казнено-поправните усанови во Управата за извршување на санкциите.

*Ги испитува и анализира влијанијата на казната врз осудените лица и соработува со други невладини организации и други органи,организира прифаќање и давање соодветна помош за побрзо и целосно вклучување во редовниот живот на слобода на лицето што се отпушта од издржување на казната.

*Спроведување на хигиенски мерки.

*Изготвување на извештај за работата на осудените лица надвор од Затворот во претпријатијата и другите органи и организации.

*Да се создават услови за поголемо ангажирање на осудените лица како во установата така и надвор од неа.

*Спроведување на активностите од стратегијата за ресоцијализација согласно предвидената динамика

*Имплементација на новите правилници, упатства и стандардни оперативни процедури (СОП).

**1.2.Одделение за стопанско -инструкторски работи ќе ги врши следните работи и задачи:**

- Организирање на работата на осудените лица инивно остручување,
- Следење на работните задачи на осудените лица кои се работно ангажирани во Установата;
- Практична обука на осудените лица;
- Учествува во процесот на ресоцијализацијата на осудените лица;

**Носители:-Директор;**
**-Сектор за ресоцијализација;**
**-Претставник на Затворска Полиција.**
**Рок: Континуирано во текот на годината.**

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

КПУ-Затвор Тетово

## 2.САМОСТОЈНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Во Одделението за правни и општи работи ќе се извршуаат работи кои се однесуваат на следење на законите и другите прописи од областа на извршувањето на санкциите, обезбедување на стручна правно-нормативна поддршка на подготовката на акти и процедури во Установата, давање стручна помош, совети, обезбедување на бесплатна правна помош на осудени лица, примената на законите во работењето, архивирање на сите предмети според планот според архивски знаци и листи,чување на архивската граѓа и на регистраторскиот материјал, водење на строго доверливите работи и доверливиот протокол и други работи и задачи во делокругот на одделението.

**Носители:-Директор;**
**-Самостојно одделение за правни и општи работи;**
**Рок: Континуирано во текот на годината.**

## 3.САМОСТОЈНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ РАБОТИ

Самостојното одделение за финансиски работи се грижи за правилна примена на важечките материјално-финансиски прописи за работењето на Затворот, спроведување на буџетот во рамките на економичноста, следење на законската регулатива на буџетско работење, финансиска контрола, извршување на буџетот, проценка на ризик на процесите на финансиско управување и контрола, подготвување на годишни, квартални, месечни планови за буџетот, иготвување на предлог-програма за одобрување на средства од буџетот,контрола на целокупната документација за материјално и финансиско работење,книжење на промените на средствата,контрола на пресметување на плати,боледувања на вработените,примена на контниот план, спроведување на јавни набавки ,подготвување на план за јавни набавки, формирање на ад-хок комисии за јавни набавки, пресметка на плати, даноци продонеси од плата,евиденција за стоки и материјали набавени и за потрошениот издаден од магацинот, кујната и други требовања, приемници, водење картици и други задачи и обврски што произлегуваат од работењето.

Во 2026 година во рамките на своите надлежности приоритет во работењето ќе биде:

- економичноста во однос на одобрените буџетски средства;
- перманентна контрола на сите влијанија и движења во Установата во извршување на буџетот;
- подготовка на годишни, квартални, месечни финансиски планови во определениот рок;
- примена на Закон за јавни набавки;
- спроведување на јавните набавки по е-аукции;
- подготвување на планот за јавни набавки во сооднос на одобрените буџетските средства;
- контрола на реализирањето на склучените договори со добовувачите во рамките на спецификациите;
- Контрола на пресметување на плати,даноци и придонеси од плати и

-подготвување на решенија и други акти согласно ЗИС[1], ЗАС[2], ЗВЈС[3], ЗРО[4] и други закони во делокругот на работењето.

**Носители:-Директор;**
**-Самостојно одделение за финансиски работи;**
**Рок: Континуирано во текот на годината.**

[1] Закон за извршување на санкциите.
[2] Закон за административни службеници
[3] Закон за вработените во јавниот сектор
[4] [illegible]

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПУ-Затвор Тетово**

## 4.ЗАТВОРСКА ПОЛИЦИЈА

Припадниците на затворската полиција ги вршат следниве работи и задачи:

- Обезбедување на Установата-Затворот.
- Обезбедување на просториите во кои осудените лица престојуваат и живеат и надворешно обезбедување.
- Физичко оперативно обезбедување на осудените лица.
- Претреси на лица и простории.
- Одржување на внатрешниот ред и дисциплина.
- Одржување на хигиената во затворот.
- Спроведување на осудените лица до надлежните Судови и други надлежни органи.
- Реализирање на програмата за стручно усовршување на припадниците на затворската полиција во Затворот.
- Учество на припадниците на затворската полиција во процесот на ресоцијализација.
- Примена на процесите и протоколите кои се однесуваат на работењето на Затворската полиција.
- Полугодишно интервју и имплементација на резултатите од истото.
- Имплементација на нови правилници и стандардни оперативни процедури (СОП)
- Организирано гаѓање со оружје два пати во текот на годината.
- Евентуални семинари и обуки организирани од страна на Управата за извршување на санкции

**Носители:**
**-Директор;**
**- Затворска полиција.**
**Рок : - Континуирано во текот на годината.**

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**
**КПУ-Затвор Тетово**

## 5.СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА ,УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ И ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И КПУ-Установи

Со цел за поуспешно извршување на работи и задачи ,Затворот ќе остварува целосна соработка со Министерство за Правда, Управа за извршување на санкциите ,судовите и казнено-поправните установи во Републиката преку:

- Учество на редовни работни состаници, семинари и обуки што ги организира Министерството за Правда,Управата за извршување на санкциите.
- Учество на работни состаноци и семинари организирани од субјектите во областа на извршувањето на санкциите-судовите и др.
- Меѓусебно информирање со сите субјекти вклучени во извршувањето на санкциите.
- Учество и соодветно партиципирање во измените на одредени прописи од областа на извршувањето на санкциите.
- Соработка со Центрите за социјални работи, Народниот правобранител, Пробациската служба како и други невладини организации.

Зајакнувањето на сопствените капацитети останува постојана и приоритетна цел на Затвор Тетово. Оваа потреба е констатирана во повеќе наврати од страна на УИС во наодите од редовните и вонредни стручно-инструкторски надзори. Во контекст на ова ќе се работи на подобрување на организацијата на работењето и зголемување на ефикасноста и ефективноста во извршување на обврските на затворот.Како клучни приоритети издвоивме неколку:

-целосна и потполна имплементација на сите подзаконски акти кои што произлегуваат од ЗИС.

-отварање на работилници во кругот на затворот со цел успешна и целосна реализација на индивидуалните програми за третман на осудените лица

-интензивирање на соработката со надворешни институции.

Доставено до:

- Архива
- УИС-Скопје

КПУ-ЗАТВОР-ТЕТОВО
ДИРЕКТОР/DREJTORI
Xheladin Xheladini

REPUBLIKA SEVERNA MAKEDONIJA-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЗАТВОР ТЕТОВО - BURGU I TETOVËS
1
ТЕТОВО - TETOVË